Врз основа на член 19 став 1 точка 6, член 28 од Законот за ревизија ("Службен весник на РМ" бр.158/10,135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 , 192/15, 23/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), и член 25 став (7) точка 4 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ), на предлог на Комисијата за образование, обука и публикации, Управниот одбор на седницата одржана на 11.12.2025 година, го усвои следниот:

# ПРИРАЧНИК ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Прирачник се пропишуваат условите за спроведување на континуирано професионално усовршување на овластените ревизори, начинот на утврдување и докажување на континуираното професионално стручно усовршување, водење на евиденција за спроведеното континуирано професионално усовршување и други прашања во врска со континуираното професионално усовршување на овластените ревизори.

## КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ И РАМКА ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА КОМПЕТЕНТНОСТ

### Континуирано професионално усовршување

### Член 2

Овластениот ревизор има обврска континуирано да се усовршува во областа на вршење на ревизорски услуги, заради одржување на теоретско знаење, стручни вештини, етички и други вредности на доволно високо ниво кои што се неопходни за квалитетно спроведување на ревизорските услуги.

Овој Прирачник ги зема во предвид барањата на Меѓународниот стандард за едукација 7 - Континуиран професионален развој: Програма за доживотно учење и континуиран развој на професионална компетентност *(IES7, Countinuing Professional Development: A Program Lifelong Leraning and Countinuing Development of Professional Competence)*, кој во рамките на Меѓународната федерација на сметководители (*International Federation of Accountants-IFAC*) е објавен од страна на Одборот за меѓународни стандарди за сметководствена едукација (*International accounting Education Standards Board-IAESB).*

**Обврска за континуирано професионално усовршување**

**Член 3**

Овластениот ревизор има обврска континуирано професионално да се усовршува во областа на вршење ревизорски услуги во траење од најмалку 120 часа за период од три години, односно да посетува обука од најмалку 30 часа годишно во рамките на континуирано професионално усовршување заради надградување на знаењето во областа на сметководството и ревизијата.

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ

**Член 4**

(1) Годишната програма за континуирано професионално усовршување се усвојува од страна на Управниот одбор на ИОРРСМ, по предлог на Комисијата за образование, обука и публикации (во натамошниот текст: Комисијата). Годишната програма за континуирано професионално усовршување за тековната година се усвојува најдоцна до крајот на месец Јануари од тековната година. Годишната програма за КПУ за тековната година се објавува на веб страната на ИОРРСМ.

**Содржина на Програмата за континуираното професионално усовршување**

**Член 5**

Во Програмата за континуираното професионално усовршување од член 4 од овој Прирачник треба да бидат застапени следните области:

1. **ревизија** која ги вклучува следните области:
   - ревизија и стручни вештини
   - Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC и други релевантни објави на IFAC
   - управување со ризици и внатрешна контрола,
   - финансиска анализа
   - прописи и професионални стандарди во врска со вршење на ревизорски услуги и овластени ревизори и ревизорски друштва
   - професионална етика и независност
   - Информатичка технологија во ревизијата (користење на експерт за ИТ технологии при ревизија на финансиски извештаи, специфики на ревизијата во информатичко опкружување, трендови и новитети во информатичката технологија. ревизија на ИТ системи)

2. **сметководство/финасиско известување**, кои ги вклучуваат следните области:
   - прописи и стандарди поврзани со подготовката на финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи
   - Меѓународни сметководствени стандарди - МСС и Меѓународни стандарди за финансиско известување - МСФИ
   - сметководство на трошоците и управувачко сметководство
   - прописи во врска со подготовка на финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи на субјекти кои работат на регулиран пазар и истите се под надзор на Министерство за финансии, Народна банка на Република Северна Македонија, Агенција за супервизија на осигурувањето или други регулаторни агенции или тела.

3. **<u>останати области</u>**, во мерка во која се релевантни за ревизија, кои ги вклучуваат следните области:
   - право на друштвото и корпоративно управување
   - стечајни и слични правни постапки
   - даночна регулатива
   - граѓанско и трговско право
   - социјално и трудово право
   - основни начела на финансиското управување со трговските друштва.
   - "Soft skills" (Меки вештини)
   - други актуелни теми од интерес на ревизорската професија

## ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ

### Член 6

(1) Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) или друга акредитирана релевантна институција во странство го организира континуираното професионално усовршување на овластените ревизори од член 3 од овој Прирачник.

(2) Континуираното професионално усовршување на овластените ревизори кое го спроведува ИОРРСМ се извршува врз основа на усвоена програма согласно член 4 од овој Прирачник.

## Начин на спроведување на континуираното професионално усовршување на овластените ревизори

### Член 7

Континуираното професионално усовршување на овластените ревизори кое кое го спроведува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) може да се организира на следните начини:

- Настани со физичко присуство;
- Он-лајн настани со примена на средства за електронска комуникација;
- Комбинирани настани (со физичко присуство и со примена на средства за електронска комуникација);
- Годишно електронско следење на КПУ од веќе одржани презентации;
- Следење на повторени КПУ настани преку модулот за он-лајн предавања
- Интерактивна КПУ едукација преку он-лајн платформа;
- Други настани за кои што ќе се признаваат КПУ часови за кои што Управниот одбор ќе донесе одлука.

## Настани со физичко присуство

### Член 8

(1) Континуираното професионално усовршување со физичко присуство се спроведува во термини и на локации претходно одобрени од страна на Комисијата. Локациите се определуваат врз основа на претходно утврден список на локации кои имаат капацитет и технички можности да излезат во пресрет на потребите на ИОРРСМ. Списокот на локации се ажурира врз основа на повратните информации добиени од Образецот за оценка на предавањата во кои е опфатен овој сегмент на оценување од членовите.

(2) Материјалите и презентациите од предавањата по завршување на истите се објавуваат на веб страницата на ИОРРСМ, со претходна согласност од страна на предавачот.

(3) За да се осигура дека е воспоставен систем на повратни информации од страна на членовите на ИОРРСМ, за секој ден кога се одржуваат предавања за КПУ, ИОРРСМ испраќа обрасци со кои се оценуваат темите, предавачите, материјалите, локациите и се даваат предлози и коментари. Сумираните оценки ги разгледува Комисијата за образование, обука и публикации. (Образецот е даден во Додаток 1 на овој Прирачник).

## Он-лајн настани со примена на средства за електронска комуникација

### Член 9

(1) Континуираното професионално усовршување се спроведува он-лајн со примена на средства за електронска комуникација. Средства за електронска комуникација, преставуваат средства кои обезбедуваат комуникација при реализација на континуираното професионално усовршување без физичко присуство на учесниците на настанот. Средства за електронска комуникација можат да бидат видеоконференциски платформи или други системи за електронска размена на податоци. За употребата на видот на средствата, односно платформата за електронска комуникација одлучува Комисијата за образование, обука и публикации.

(2) Пред секој КПУ настан кој се организира преку средства за електронска комуникација ИОРРСМ назначува администратор (едно или повеќе физички/правни лица) кој би давал техничка поддршка. Администраторот е должен пред секој КПУ настан да испрати до ИОРРСМ јасни насоки во однос на начинот на пријава и користење на средствата за електронска комуникација. ИОРРСМ или администраторот до сите пријавени учесници на КПУ настанот доставува Образец за оценка на предавања преку електронска пошта или преку друг систем за електронска размена на податоци.

(3) Администраторот е должен да обезбеди соодветно евидентирање на учесниците на КПУ кое се спроведува со примена на средства за електронска комуникација. Администраторот е должен во рок од 10 дена од спроведеното КПУ до ИОРРСМ да достави список на присутни учесници на КПУ настанот, видео снимка од настанот, информации за евентуални проблеми во текот на реализацијата и слично кои би биле доставени до Комисијата за образование, обука и публикации. Правата и обврските помеѓу Администраторот и ИОРРСМ се уредуваат со договор.

(4) По одржување на предавања како он-лајн настани со примена на средства за електронска комуникација, материјалите од одржаните предавања се поставуваат на веб страницата на ИОРРСМ,. со претходна согласност од страна на предавачот.

## Комбинирани настани (со физичко присуство и со примена на средства за електронска комуникација)

### Член 10

(1) Континуираното професионално усовршување со комбинирани настани (со физичко присуство и со примена на средства за електронска комуникација) спроведува во термини и на локации, како и со примена на средства за електронска комуникација одобрени од страна на Комисијата, а на начините уредени соодветно во член 8 и член 9 од овој Прирачник.

**Годишно електронско следење на КПУ од веќе одржани презентации**

**Член 11**

(1) Еднаш во текот на календарската година се овозможува електронско следење на КПУ кое што може да се следи со доставување на барање. Комисијата одбира најмалку 3 презентации од веќе одржани предавања, за признавање на 8 КПУ часа, а во термин утврден од страна на Комисијата. Презентациите ќе се изберат според оценките од обрасците за евалуација на предавањата. Годишното електронско следење на КПУ ќе се спроведува во определен период (14 дена). Информациите за периодот кога заинтересираните лица можат да се пријават за Годишното електронско следење на КПУ се објавува на веб страницата на ИОРРСМ и се испраќа циркуларна е-пошта до сите членови на ИОРРСМ.

(2) На овластените ревизори членови на ИОРРСМ кои се на подолг престој во странство, на нивно барање и по презентирање на соодветен доказ до Комисијата за образование, обука и публикации ќе им се овозможи електронско следење на КПУ во висина на годишниот законскиот минимум 30 КПУ часа, односно 120 КПУ часа за период од 3 години. Начинот на бирање на презентациите и електронското спроведување на КПУ ќе се врши на ист начин како што е наведено во претходниот пасус.

**Следење на повторени КПУ настани преку модулот за он-лајн предавања**

**Член 12**

**(1)** Континуирано професионално усовршување со следење на повторени КПУ настани преку модулот за он-лајн предавања за лица кои не биле во можност да ги проследат овие настани при нивното првично одржување се спроведува преку модулот за он-лајн предавање на веб страницата на ИОРРСМ.Следењето на овие КПУ настани ќе се спроведува во период определен од страна на Комисијата за образование, обука и публикации. Информациите за периодот кога заинтересираните лица можат да се пријават за овие настани се објавуваат на веб страницата на ИОРРСМ и се испраќа циркуларна е-пошта до сите членови на ИОРРСМ.

**Интерактивна КПУ едукација преку он-лајн платформа**

**Член 13**

(1) Континуирано професионално усовршување преку он-лајн платформа се спроведува преку специјализирана платформа за пристап до претходно определени содржини.
(2) Кога се организира интерактивна КПУ едукација, ИОРРСМ назначува администратор (едно или повеќе физички/правни лица) кој би давал техничка поддршка. Администраторот е должен пред секој КПУ настан да испрати до ИОРРСМ јасни насоки во однос на начинот на пријава и користење на платформата. ИОРРСМ или администраторот до сите пријавени учесници доставува Образец за оценка на

предавањата преку електронска пошта или преку друг систем за електронска размена на податоци.

(3) Администраторот е должен да обезбеди соодветно евидентирање на учесниците на КПУ кое се спроведува со интерактивната платформа. Администраторот е должен во рок од 10 дена од спроведеното КПУ до ИОРРСМ да достави список на присутни учесници на овој тип на предавања, и информации за евентуални проблеми во текот на реализацијата и слично кои би биле доставени до Комисијата за образование, обука и публикации. Правата и обврските помеѓу Администраторот и ИОРРСМ се уредуваат со договор.

**Член 11 е избришан и вклучен во член 16**

## ИЗБОР НА ПРЕДАВАЧИ ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

### Член 14

(1) Врз основа на усвоената Годишна програма за континуирано професионално усовршување на веб страницата на ИОРРСМ се објавува Повик за изразување на интерес за одржување на предавања. Во повикот се наведува рокот за доставување на пријавите од страна на заинтересирани лица за одржување на предавања.

(2) Во случај на предвидени предавања од областа на определени регулаторни тела или институции во Република Северна Македонија, ИОРРСМ испраќа покана до релевантната институција за назначување на претставник кој ќе одржи предавање на таа тема.

(3) По определениот рок за доставување на пријави, Комисијата ги разгледува истите и изготвува распоред за предавања во определените групи на предавања. Во случај на недоволно пријавени лица за одржување на предавања, Комисијата определува предавачи со упатување на директна покана до можни квалификувани предавачи за одредена тема.

(4) ИОРРСМ до овластените ревизори испраќа покана со распоред на предавањата и наведува рок за пријавување на заинтересирани лица за присуство на предавањата. Истите се објавуваат на веб страницата на ИОРРСМ и се испраќа циркуларна е-пошта до сите членови на ИОРРСМ.

## ВРЕМЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

### Член 15

(1) Овластените ревизори - членови на ИОРРСМ, во случај на посебни околности кои што настанале поради: породилно отсуство, боледување или други причини, се должни да побараат ослободување од КПУ. Членовите на ИОРРСМ се обврзани да ги наведат причините поради кои што бараат ослободување од КПУ и да го приложат потребниот доказ. Ослободувањето од КПУ го одобрува Управниот одбор на ИОРРСМ, по предлог на Комисијата за образование, обука и

публикации, а врз основа на приложениот соодветен доказ за периодот опфатен во барањето. Секој случај треба да се разгледува поединечно.

## ЕВИДЕНЦИЈА НА ЧАСОВИ ЗА КОНТИНУИРАНОТО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

### Член 16

(1) Часови за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори може да бидат остварени преку:

- Учество на настан за КПУ како слушател;
- Учество на настан за КПУ како предавач, панелист или модератор;
- Учество на седница на Собранието на ИОРРСМ.

(2) Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) како организатор на континуирано професионално усовршување за овластените ревизори по секој поединечен настан, на својата веб страница, во посебниот дел за членови на ИОРРСМ, објавува преглед на членовите на ИОРРСМ со вкупен број на остварени КПУ часови за тековната година.

(3) За секоја календарска година, ИОРРСМ подготвува годишни потврди за присуство на КПУ за таа година каде што се наведува име и презиме на лицето, остварени КПУ часови и регистарскиот број на овластениот ревизор. Податоците за присуството и бројот на часови се верифицираат на начинот опишан во став (4) од овој член, преку списоци/извештаи за регистрирање и потврдување на присуство и евиденцијата за подмирени обврски за присуство на КПУ обезбедени од страна на стручната служба на ИОРРСМ.

(4) Како период од три години за исполнување на законската обврска за КПУ од најмалку 120 часа се смета контуниран период од три последователни години. Секоја наредна година, годината што следи се додава, а првата година од тригодишниот период се исклучува. Обврската за КПУ започнува од 1 јануари следната година по датумот на стекнување на статус на овластен ревизор, согласно Законот за ревизија.

(5) Евиденцијата за присуство на КПУ настан се врши на следниот начин:

I. <u>Настани со физичко присуство;</u>

За секој посебен ден на КПУ настан со физичко присуство се подготвува список/списоци за регистрирање и потврдување на присуство. Во програмата за настанот се наведува терминот за регистрирање на присуство, а на почеток на секој КПУ настан присутните се информираат за терминот за потврдување на присуството на настанот.

За секој ден на КПУ настан со физичко присуство, остварениот број на КПУ часови за тој настан ќе се признаваат на следниот начин:

- Сите предвидени КПУ часови за тој ден ќе се признаваат доколку лицето ги обезбедиле сите потписи предвидени за тој КПУ настан.

- Половина од предвидени КПУ часови за тој ден ќе се признаваат доколку лицето обезбеди помалку потписи од предвиденото;

Временскиот термин за регистрирање на присуството може да се помести заради непредвидени околности, за што присустните ќе бидат известени на самиот настан.

Евиденцијата за присуство ќе ја обезбеди стручната служба на ИОРРСМ.

II. Он-лајн настани со примена на средства за електронска комуникација;

За секој посебен ден на КПУ настан со примена на средства за електронска комуникација, остварениот број на КПУ часови за тој настан ќе се признаваат на следниот начин:

- Сите предвидени КПУ часови за тој ден ќе се признаваат доколку лицето присуствувало на најмалку 80% од времетраењето на целиот настан.
- Половина од предвидени КПУ часови за тој ден ќе се признаваат доколку лицето присуствувало на 50-79% од времетраењето на целиот настан.
- Не се признаваат КПУ часови доколку лицето присуствувало на помалку од 50% од времетраењето на целиот настан.

Евиденцијата за присуство ќе ја обезбеди администратор согласно член 9 од овој Прирачник.

III. Комбинирани настани (со физичко присуство и со примена на средства за електронска комуникација)

За секој посебен ден на КПУ настан што се спроведува како комбиниран настан (со физичко присуство и со примена на средства за електронска комуникација) остварениот број на КПУ часови за тој настан ќе се признаваат согласно точка I од став (5) на овој член за лицата со физичко присуство, а согласно точка II од став (5) на овој член за лицата кои присуствуваат со примена на средства за електронска комуникација.

IV. Годишно електронско следење на КПУ од веќе одржани предавања и следење на повторени КПУ настани преку модулот за он-лајн предавања

Годишно електронско следење на КПУ од веќе одржани предавања и следење на повторени КПУ настани преку модулот за он-лајн предавања за лица кои не биле во можност да ги проследат овие настани при нивното првично одржување се одвиваат преку модул за он-лајн предавања поставен на веб страницата на ИОРРСМ. Евиденцијата за следење на ваков тип на настани се обезбедува преку самиот модул, односно Генералниот секретар на ИОРРСМ изготвува извештај за присуство.

V. Интерактивна КПУ едукација преку он-лајн платформа.

За ваков тип на КПУ настани, евиденцијата за следење на КПУ настаните ја обезбедува администраторот на платформата.

VI. Други настани за кои што ќе се признаваат КПУ часови по одлука на Управниот одбор на ИОРРСМ.

За овие настани, евидентирањето на присуството се врши на еден од погоренаведените начини, во зависност од предвидениот формат на настанот.

## ОЦЕНА НА КВАЛИТЕТОТ

### Член 17

(1) Комисијата спроведува анонимно оценување на квалитетот на реализираните активности на континуираното професионално усовршување за годината, а особено во врска со:

1. Квалитетот на реализираните програми;
2. Квалитетот на одржаните предавања / обуки;
3. Квалитет на материјалите и пишаните презентации; и
4. Квалитетот на организациските услови за одржаните активности.

(2) Комисијата ги анализира одговорите дадени во анкетата и резултатите при изготвување на годишната програма за КПУ за наредната година.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КПУ

### Член 18

(1) Комисијата подготвува и усвојува годишен извештај за спроведување на КПУ, што го доставува до Управниот одбор на ИОРРСМ.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 19

(1) Овој Прирачник влегува во сила на денот на неговото донесување од страна на Управниот одбор на ИОРРСМ, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Ненад Тортевски,
Претседател на ИОРРСМ

Додаток 1

# ОБРАЗЕЦ ЗА ОЦЕНКА НА ПРЕДАВАЊА

**ПРЕДАВАЊА ЗА КПУ,** *(место на одржување на предавањата)*
*(датум на одржување на предавањата)*

**ВЕ МОЛИМЕ ОЦЕНЕТЕ ГИ СЛЕДНИТЕ ПРАШАЊА НА СКАЛА ОД 1 ДО 5,
КАДЕ 1 Е МНОГУ СЛАБО, А 5 Е ОДЛИЧНО.**

| КАКО ГИ ОЦЕНУВАТЕ ПРОСТОРИИТЕ КАДЕ ШТО СЕ ОДРЖУВА ПРЕДАВАЊЕТО? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|

| КАКО ГИ ОЦЕНУВАТЕ ТЕМИТЕ, МАТЕРИЈАЛИТЕ И ПРЕДАВАЧИТЕ? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **Темата:** *(назив на темата)* | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Материјалот за горенаведената тема** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Предавачот:** *(име и презиме на предавачот)* | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | | | | |

| ПРЕДЛОЗИ ЗА ТЕМИ ЗА НАРЕДНИТЕ ПРЕДАВАЊА |
|---|
| |

| ДОПОЛНИТЕЛЕН КОМЕНТАР: |
|---|
| |